Бр./Nr 12-61/2

17-11-2020 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државната комисија за спречување на корупција, врз основа на член 22 и 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 12/19), и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител до Државната комисија за спречување на корупцијата, на 41-та седница одржана на 11.11.2020 година, ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата поднесена од непознат подносител (анонимна пријава) врз основа на која е заведен предметот под број 12-61/1 од 08.01.2020 година, **СЕ ОТФРЛА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 12-61/1 од 08.01.2020 година, од причина што во пријавата не се содржани конкретни податоци за лицето кое се споменува во истата, како и конкретни наводи за сомневање за неправилности или незаконитости сторени од наведеното лице, по кои би можела ДКСК да постапува по овој предмет.

Предметот да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### Образложение

Предметот со број 12-61/1 од 08.01.2020 година е оформен врз основа на добиена пријава од непознат подносител (анонимна пријава).

Со оглед на фактот дека во пријавата не се содржани о конкретни податоци за лицето кое се споменува во истата, како и наводи за сомневање за неправилности или незаконитости сторени од наведеното лице, ДКСК не беше во можност да пристапи кон испитување на наводите и утврдување на фактичката состојба во конкретниот случајпа од тие причини заклучи дека нема елементи за нејзино натамошно постапување во пријавениот случај и предметот да се затвори и да се архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК
Изработил: м-р И.П.
Одобрил: К.Н., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e MaqedonisësëVeriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk